# Програма за помош при усогласување на законодавството за еколошка заштита за мали и средни претпријатија

## МАЛИ, ЧИСТИ И КОНКУРЕНТНИ

***Подадена рака***

Можно е малите и средни претпријатија (МСП) да се соочуваат со потешкотии во подобрување на своите еколошки перформанси и исполнувањето на законските барања кои стојат пред нив. За таа цел Европската комисија ја воспостави ECAP - Програма за помош за усогласување на законодавството за еколошка заштита наменета за мали и средни претпријатија и да им ги обезбеди потребните средства и знаење со единствена цел - подобрување на нивното работење.

Целта на овие активности се да се минимизира административниот товар и им помогне на компаниите во управувањето со системите за заштита на животната средина. Во таа насока, достапни се финансиска помош и локални мрежи за поддршка насочени кон обезбедување на потребната комуникација, поддршка и информации

- ***Подобра регулатива***
- ***Управување со животната средина***
- ***Финансирање***
- ***Информации***
- ***Локалната експертиза***

***Намалување на прекумерното административно оптоварување***

Законодавството на ЕУ за заштита животна средина може да биде премногу сложено и тешко за разбирање од страна на малите и средни претпријатија. Компаниите многу често не се доволно свесни за тоа кои правила се однесуваат на нив, како и кои чекори ќе мора да ги превземат. Европската Комисија во соработка со националните и регионалните власти работат на редуцирање на непотребната администрација и трошоци кои треба да одат на товар на малите и средни претпријатија. Решенијата вклучуваат рационализација на дозволите и инспекциските процедури, избегнување на повторено барања за исти информации, воведување ИТ алатки, како и поблиска соработка со регулаторите за заштита на животната средина од цела Европа.

При изготвувањето на идните мерки на политики за спроведување на Законодавство за заштита на животна средина на ЕУ, ќе бидат идентификувани и дисеминирани најдобрите практики во неговото спроведување, а во иднина ќе се практикува и поблиска комуникација внатре во секторот на мали и средни претпријатија.

***EMAS – по Ваша мера***

Системите за управување и контрола на животната средина на ЕУ - Еко-менаџмент и ревизија (EMAS), им помага на претпријатијата при самооценувањето, известувањето и подобрувањете на перформансите врзани со заштитата на животната средина. Тие гарантираат дека онаа компанија која ги исполнила законските критериуми за заштита на животната средина всушност направила се да го избегне плаќањето на казни како и скапите постапки за отстранување на последиците од веќе направеното загадување.

Neither the European Commission nor any person acting on behalf of the European Commission is responsible for the use which might be made of the information contained herein. The views in this publication are those of the author and do not necessarily refl ect the policies of the European Commission.

Иако EMAC е дизајниран да им одговара на сите организации, независно од нивниот вид или големина, Комисијата и понатаму е свесна дека на малите и средни претпријатија им е потребен систем од уште едноставни и поевтини решенија. Тоа е причината зошто програмата ECAP се фокусира на ситемите за управување со животната средина, наменски прилагоден за потребите на малите и средни претпријатија и е наречен - EMAS Easy:
http://ec.europa.eu/environment/emas/index_en.htm

***Информации на дофат***

Подобрата информираност и наменската комуникација можат успешно да се справат со недоволната свесноста за прашања врзани со заштитата на животната средина помеѓу малите и средните претпријатија.
Веб страницата на ECAP, достапна на седум јазици, претставува портал за сите информации во врска со постоечките мрежи за поддршка во примената на политиките за заштита на животна за МСП.
Дополнително, Европската Комисија развила и други алатки за информирање, давајќи приоритет на потребите на малите и средни претпријатија.
За сите тековни иницијативи, редовно следете ги содржините на веб страниците за МСП и Заштита на животната средина.

***Наменско финансирање***

На малите и средни претпријатија им се потребни финансиски стимулации и други видови на поддршка со цел да применат или да развијат сопствени најиновативни еколошки технологии или деловни практики.
Конкретно, за периодот 2007-2013 за малите и средни претпријатија е достапна можноста за финансирање за проекти од областа на заштита на животната средина. Исто така, достапни се и голем број инструменти со цел да им помогне на МСП да го усогласат своето дејствување со соодветната легислативата, да произведуваат еколошки производи, користат чисти технологии, заштедуваат енергија или да учествуваат во истражувачки проекти.

***Помошта е таму каде што Ви е потребна ...***

На малите бизнисите треба да им биде на дофат советодавната помош на локалните експерти кои ќе им помогнат како успешно да спроведат подобрување на нивните еколошки перформанси. Комисијата создава мрежата на организации за деловна поддршка низ Европа кои поседуваат потребна експертиза во областа на заштитата на животната средина вклучувајќи ги и деловните асоцијации, сојузот на стопански комори и други
Веб-страницата на ECAP ги има одговорите:
http://ec.europa.eu/environment/sme/

организации кои ги поддржуваат мали и средни претпријатија.
Овие советници ќе ги поддржат компаниите во исполнувањето на нивните законски обврски а со тоа и да ги искористат придобивките од подобрената одрживост на своето работење. Тие, исто така можат да им помогнат при склучувањето на партнерства помеѓу организациите овозможувајќи им олесент пристап до програмите за поддршка и финансирање кои се достапни.
Мрежата ја вклучува и Enterprise Europe Network (EEN), кој беше лансиран во почетокот на 2008 година како едношалтерски ситем за поддршка на претпријатија кои бараат помош за прашања од облста на бизнисот и иновациите во Европската Унија. Со над 600 партнерски организации и 4 000 експерти во 40 земји, EEN истовремено им нуди на компаниите експертиза од областа на еколошката заштита според важечките локалните прописи, но и оние кои ги пропишува Европската Унија. Целта на оваа мрежа е да придонесе за подобрување на односите меѓу Европската Комисија и деловните заедници на земјите кои се покриени со нејзиното делување, преку обезбедување на вредни повратните информации кои придонесуваат соодветно да се обликува законодавството на ЕУ и согласно тоа да им помогне на малите и средни претпријатија за успешно соочување со тешкотиите од оваа област. http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu/index_en.htm

***На Интернет...***

Законодавството за заштита на животната средина на Европската Комисија Ви изгледа збунувачки?

***Програмата ECAP и како таа функционира***

- *Електронско известување за најновите вести врзани со заштитата на животната средина*
- *Области од заштита на животната средина релевантни за малите и средни претпријатија на ЕУ*
- *Можности за финансирање во рамките на ЕУ*
- *Студии на случај на успешни примери*
- *Детали за семинари и обуки за ECAP во Европа*
- *Пренинг-пакети за мрежи на поддршка за МСП*
- *On-line алатки и публикации*
- *Контактни податоци на локалните експертите од областа на заштита на животна средина и организациите за поддршка*

**www.apprm.gov.mk**
**www.een.mk**

**контакт: eiicm@apprm.gov.mk**
**тел: 02 3120 132**

Мрежа на бизнис можности

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Neither the European Commission nor any person acting on behalf of the European Commission is responsible for the use which might be made of the information contained herein. The views in this publication are those of the author and do not necessarily refl ect the policies of the European Commission.